Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Општина Битола , на ден 24.07. 2017 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик“, К.О. Битола, Општина Битола кој го донесува Општина Битола потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик“, К.О. Битола, Општина Битола се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Битола.
3. За планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик“, К.О. Битола, Општина Битола, за чија изработка е одговорено Министерство за животна средина и просторно планирање, а го донесува Општина Битола, донесувањето на планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик“, К.О. Битола, Општина Битола ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: економски развој на Општина Битола, заштита на природата, почвата, водата, воздухот, здравјето на луѓето и употребата на земјиштето.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Битола на следната веб адреса/и: www.bitola.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Општина Битола во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-690/1
24.07.2017
Место Битола

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК

Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик", К.О. Битола, Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Градоначалник |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Мирјана Николовска, |
| Назив на работното место | советник |
| Контакт податоци за лицето | Мирјана Николовска, тел. 047/ 208-317 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр:199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Правилник за поблиска содржина, форма и наќин на обработка на ГУП, ДУП, УПВНМ .....(Сл Весник на РМ бр. 142/15) Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ. бр. 142/15, 217/15, 22/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17) | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да √<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Се донесува нов плански документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик", К.О. Битола, Општина Битола | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичкото планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја:15 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Да, прилог II- Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина ( Генерално определени проекти), Урбанистичко планска документација од Г класа на намена – Г3 (сервиси) | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3, на К.П.бр.788/1, м.в.„Довлеџик", К.О. Битола, Општина Битола е планирањена градежна парцела со намена Г3 – сервиси | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот. | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за ЛУПД нема одреден период на донесување на планскиот документ. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |

| |
|---|
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| **Границата на планскиот опфат е дефинирана според граница на катастарска парцела согласно член 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање опфаќа површина од 0,54 ха.** |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да √<br>Не ☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>**Очекувани позитивни влијанија, имплементацијата на планскиот документ ќе има долгорочни потенцијални позитивни влијанија врз животната средина со оглед на тоа што неговата реализација е во функција на допринесување на економскиот развој, со контролирано извршување на потребите на малото стопанството – сервиси.**<br>**Очекувани негативни влијанија, имплементацијата на планскиот документ може да има потенцијални негативни влијанија врз животната средина во делот на квалитетот на водите, почвата, воздухот, биодиверзитетот, бучава и управување со отпадот. Влијанијата во најголем дел се очекуваат во градежната фаза, додека истите во фазата на работа се очекуваат да бидат минимални.** | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | **Веројатноста - најголем дел од влијанијата сигурно ќе се случат еднократно во фазата на изградба, со времетраење ограничено на времето за изградба, додека помал дел од влијанијата е поврзан со оперативната фаза и со помала веројатност.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | **Нема податоци за други активности поврзани или во близина на локацијата, неопходни се дополнителни истражувања со цел оценка на ризикот од кумулативни влијанија.** |
| Прекугранична природа на влијанијата; | **Нема прекугранични влијанија.** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | **Со оглед на намената предвидена со планската документација, не се очекуваат ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина** |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | **Очекуваниот обем на влијанија се очекува да биде ограничен на потесната околина на планскиот опфат, односно влијанија на локално ниво.** |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се**: | |
| Со реализацијата на планскиот документ ќе се предизвикаат позитивни економски ефекти и позитивни ефекти кон заштита на животната средина. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Постои економски бенефит кој ќе се оствари од валоризацијата на земјиштето на предметниот простор. | |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во предметниот плански опфат нема евидентирано заштитени културно добро и добра кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство согласно допис од Управата за културно наследство при Министерството за култура на Република Македонија |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. Потенцијално ќе биде влошен квалитетот на површинските и подземните води од експлоатација на содржините во планскиот опфат доколку не се применат соодветни мерки за ублажување (одведување и пречистување на отпадните води кои се потенцијално загадени од употребата на детергенти, средства за дезинфекција, масти и масла како последица на технолошките процеси). |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со реализација на планот се предвидува парцела за изградба на објекти со намена: Г3 – сервиси |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијание, во непосредна близина нема заштитени области. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ престставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината, условите за работа или според одредување на ресурсите:**

Со планот се предвидува изградба на објекти за кои е предвидено спроведување на постапка за ЕИА (оценка на влијанието врз животната средина).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа надвор од границата на ГУП на град Битола, но во непостредна близина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Планскиот документ согласно неговите цели го промовира просторниот и економски развој на просторот од аспект на одржлив развој.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

При спроведување на планскиот документ ќе се зголеми густината на сообраќајната мрежа, ќе се зголеми фрекфенцијата на сообраќај, ќе се зголеми потрошувачката на енергија, вода и ќе

се зголеми потребата од услуги. Со спроведувањето на планскиот документ генерално позитивно ќе се влијае на локалната економија.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметната локација за ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП бр. 788/1, КО Битола, е опфатена во рамките на Просторниот план на РМ, според кој од страна на АПП (Агенција за планирање на просторот) се изработени Условите за планирање на просторот, согласно кои од Министерството за животна средина и просторно планирање е добиено решение за Услови за планирање.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ**

За предметниот простор нема претходно изработена документација.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Владимир Талески |
| Датум - 24.07.2017<br>Место - Битола | М.П. |

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 01 -08- 2017
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број УП1- 15-1111/2017

Дата: 28. 07. 2017

ДО: Општина Битола
Булевар 1ви Мај бр. 61
7000 Битола
Република Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 31-1770/2016 од 24.07.2017 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под **бр. УП1- 15-1111/2017 од 26.07.2017 година поврзано со постапката за носење на планската документација за ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП бр. 788/1, м.в. Довлеџик, КО Битола - Општина Битола,** Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа.**
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Бајрам Цамиќ
Контролирал: Сашо Апостолов
Одобрил: Неби Реџепи